Врз основа на член 28 став (в) од Статутот на Синдикатот на УПОЗ на РМ и Одлуката за формирање Солидарен фонд и усвоениот Правилник за Солидарен фонд на втората седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ одржана на 03.03.2016 година, Измените и дополнувањата од 21. седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ одржана на 20.12.2019 година, Измените и дополнувањата на 19. седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ одржана на 19.02.2025 година, Измените и дополнувањата на 22. Седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ одржана на 01.10.2025 година, се донесе следниов

ПРАВИЛНИК

За доделување парична помош од Солидарниот фонд на Синдикатот на УПОЗ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат, начинот на издвојување на средствата, корисниците, основите на користење на правата, основите за користење на средствата од Фондот, постапката за остварување на

правата и друго од Солидарниот фонд на Синдикатот на УПОЗ на РМ (во натамошниот текст: Фонд).

II. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

Член 2

Фондот се формира од следните извори:

- Од дел од синдикалната членарина на членовите на Синдикатот на УПОЗ, во висина од 0.40% од вкупниот износ на членарината од нето плата;
- Спонзорства и донации;
- Дополнителни прилози и подароци на правни и физички лица и
- Други извори.

Член 3

1) Средствата врз основа на член 2 од овој Правилни се уплатуваат на посебна жиро сметка на Солидарниот фонд на Синдикатот на УПОЗ 200000043542128 (со даночен број 4030994215699 – депонент Стопанска банка АД Скопје).

2) Уплатата на средствата синдикалните организации го извршуваат истовремено со уплатата на синдикалната членарина.

Член 4

Средствата од Фондот кои нема да се искористат во тековната година, се пренесуваат во Фондот во наредната година.

III. КОРИСНИЦИ НА ФОНДОТ

Член 5

Корисници на средствата на Фондот се сите членови на Синдикатот на УПОЗ кои уплатуваат средства согласно Одлуката за финансирање.

IV. ОСНОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ

Член 6

1) Правото на користење на средства од Солидарниот фонд се стекнува после шест месеци членување, односно уплата на членарина и тоа по следниве основи:
   - парична помош за подолготрајно боледување;
   - парична помош за лекување;
   - парична помош за лекување и медицински помагала;
   - парична помош во случај на загрозена материјална состојба на членот на Фондот;
   - парична помош за новороденче;
   - парична помош за прваче;

- парична помош за потешки последици од елементарни непогоди;
- парична помош за смрт на член на Фондот;
- парична помош за заминување во пензија;
- парична помош во случај на штрајк;
- парична помош во случај на отказ или претрпени финансиски последици поради синдикални активности;
- парична позајмица;

2) Правото на користење на неповратни средства од Фондот по горе наведените основи може да се оствари само еднаш во годината (еднократно) по било кој основ, освен во случаи кога се работи за барања за парична помош за новороденче, парична помош за прваче, парична помош за смрт на член на Фондот и парична помош за елементарна непогода.

3) Освен позјамицата, паричната помош по сите други основи е неповратна.

1. Парична помош за подолготрајно боледување

Член 7

1) Парична помош по основ на непрекинато боледување, освен породилно отсуство, се стекнува во следните случаи:

- кога повеќе од 30 календарски денови, членот непрекинато бил на боледување.

2) Парична помош по основ на непрекинато боледување се доделува во зависност од должината на боледувањето и тоа:

- од 30 – 100 дена…… од 30% до 100%

3) Основицата за пресметка се утврдува во износ од 10.000,00 денари.

4) Кон барањето треба да се достави соодветна медицинска документација, во рок до 30 дена по заклучување на боледувањето.

2. Парична помош за лекување

Член 8

А) Лекување во Македонија

1) Во случај на потешка болест, членот на Синдикатот има право на парична помош ако боледува од малигно заболување, цереброваскуларен инсулт со тешки последици, политраума, мултиплекс склероза и терминална фаза на болест.

2) Барателот ја докажува болеста со официјални документи, во кои болеста и состојбата на пациентот е недвосмислено опишана.

3) Официјални документи се конзилијарно мислење, отпусно писмо, специјалистички извештај со хистопатолошки наод.

4) Членот на Синдикатот има право на еднократна парична помош од најмногу до 500 евра во денарска против вредност.

5) Барањето за парична помош по овој основ се доставува во рок од 30 дена.

Б) Лекување во странство

1) Во случај на потешка болест за која е потребно лекување во странство, членот на Синдикатот има право на парична помош само во случај кога тоа е одобрено со Решение издадено од Фондот за здравство.

2) Право на парична помош членот има на дел од сопствените трошоци, односно кога со решението на Фондот за здравство не е предвидено да се покријат трошоците за придружникот, а членот ќе биде придружуван од член на потесното семејство.

3) Членот на Синдикатот може да добие:

- до 10 дена престој во странство до 300 евра во денарска противвредност;
- од 10 до 20 дена престој во странство до 600 евра во денарска противвредност; и

- над 20 дена престој во странство до 1.000 евра во денарска противврдност.

4) Барателот е должен да достави Решение од Фондот за здравствено осигурување за лекувањето во странство, пресметка за вкупните трошоци за време на престојот кои не се покриени со решението на Фондот и кои ќе бидат поткрепени со оригинални сметки за направените трошоци за сместување и/или исхраната.

5) Барањето за паричната помош по овој основ се доставува во рок од 30 дена од денот на добивањето на Решението од Фондот за здравстено осигурување.

3. Парична помош за набавка на лекови и медицински помагала

Член 9

1) Во случај на потешка болест (малигно заболување, цереброваскуларен инсулт со тешки последици, политраума, мултиплекс склероза и терминална фаза на болест) за која е потребно набавка на лекови кои не се на позитивната листа на Фондот за здравствено осигурување или медицински помагала кои не се на товар на Фондот за здравствено осигурување, а истите немаат соодветна замена на листите на фондот, членот на Синдикатот има право парична

помош од 20% од износот на трошоците што барателот ги плаќа, но најмногу до 500 евра во денарска противвредност во текот на една календарска година.

2) Доколку на членот на Синдикатот му е пропишана терапија или пак препорачано помагало, кои се наоѓаат на позитивната листа на Фондот за здравствено осигурување, а членот по свој избор и убедување набавува терапија/помагала кои не се на позитивната листа на Фондот за здравство, не му следува парична помош.

3) Парична помош по овој основ членот може да добие доколку минималниот износ на направени трошоци изнесува 10.000,00 денари.

4) Барателот достатува медицински документи со кои докажува дека пропишаните/препорачаните лекови/помагала е потребно да се користи, а истите не се на листата на ФЗО и немаат своја замена.

5) Барателот доставува фактура/фисклани сметки од државата или странство (со превод) како доказ за набавка.

6) Барањето за парична помош по овој основ се доставува во рок од шест (6) месеци од денот на добивањето на Решението од Фондот за здравствено осигурување.

4. Парична помош во случај на загрозена материјална состојба

Член 10

1) Во случај на загрозена материјална состојба во семејството, членот на Синдикатот има право на парична помош.

2) Под загрозена материјална состојба во семејството, согласно претходниот став, се подразбира материјалната состојба во семејството во кое вкупните приходи по сите основи не изнесуваат повеќе од 70% од просечната нето плата во Република Македонија.

3) Висината на паричната помош по овој основ изнесува 10.000,00 денари и тоа за:

- еден член – 40% од износот
- два члена – 60% од износот
- три члена – 80% од износот
- четири и повеќе члена – 100% од износот.

4) Членот има право на парична помош по овој основ секоја втора календарска година.

5. Парична помош за новороденче

Член 11

1) Членовите на Синдикатот односно родителите на новородените деца имаат право на парична помош во износ од 4.000,00 денари за секое новородено дете.

2) Правото на помошта по овој основ се остварува најмногу во рок од 10 месеци (300 дена) од денот на раѓање на новороденчето.

6. Парична помош за прваче

Член 12

1) Членовите на Синдикатот на УПОЗ имаат право на паричната помош во износ од 4.000,00 денари за секое запишано дете во прво одделение. Право на овој паричен надомест имаат членовите на Синдикатот на УПОЗ, односно родителите чии деца се запишани во прво одделение.

2) Право на помош по овој основ се остварува во рок од 60 дена сметано од првиот школски ден.

7. Парична помош за потешки последици од елементарни непогоди

Член 13

1) Во случај кога членот на Синдикатот претрпел потешки последици од елементарни непогоди на објектот во кој живее, односно е во негова сопственост или е во сопственост на брачниот другар (поплава, земјотрес, пожар и слично), има право на прична помош во висина од 10% од проценетата штета од овластен орган, но не повеќе од 30.000,00 денари.

2) Паричната помош се исплатува врз основа на соодветна документација – докаж за сопственост, место на живеење и потврда за претрпена штета изадена од соодветен орган.

3) Правото на помош по основ на елементарни непогоди се остварува во рок до 90 дена од настанаувањето на елементарната непогода.

8. Смрт на член на Фондот

Член 14

1) Во случај на смрт на член на Фондот, семејството на починатиот има право на еднократна парична помош од 20.000,00 денари.

2) Барањето за парична помош по овој основ се доставува во рок од 60 дена од смртта.

3) Барањето за паричната помош по овој основ се доставува во рок од 60 дена од смртта.

9. Парична помош за време на штрајк

Член 15

1) Во случај на штрајк организиран со Одлука на Синдикатот на УПОЗ и согласност со Законот за работните односи, членовите на Синдикатот имаат право на парична помош.

2) Висината на паричната помош, ја утврдува Претседателството на Синдикатот на УПОЗ.

3) Правото на помош од став 1 на овој член, се остварува во случај ако деновите поминати на штрајк, не бидат дополнително одработени или платени од работодавачот.

4) Ова право можат да го користат само членовите на Синдикатот кои учествувале во штрајкот, согласно евиденцијата на синдикалните организации.

10. Парична помош за заминување во пензија

Член 16

1) Членот на Синдикатот на УПОЗ има право на парична помош во износ од 3.000,00 денари за заминување во пензија.

2) Правото на парична помош по овој основ има членот кој континуирано членуваат во Синдикатот најмалку пет години пред остварување на правото за заминување во пензија.

3) Правото по овој основ се остварува во рок од 60 дена од добивање на Решението за пензионирање од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

11. Парична помош во случај на отказ или претрпени финансиски последици поради синдикални активности

Член 17

1) Во случај ако членот на Синдикатот на УПОЗ добие отказ од страна на работодавачот поради спротивставување на неговите наредби кои се однесуваат на изборни активности во Синдикатот на УПОЗ или вршење на синдикални активности заради заштита на Синдикатот на УПОЗ и правата на неговите членови, членот на Синдикатот има право на месечна парична помош во износ од просечна месечна нето плата по вработен исплатена за претходната година.

2) Членот на Синдикатот има право да поднесе барање за добивање на средствата наведени во

ставот 1 од овој член, доколку поднесе тужба пред надлежниот суд за враќање на работа.

3) Доколку судската постапка за враќање на работникот на работа се заврши во полза на членот на синдикатот, истиот е должен во рок од 15 дена по извршноста на пресудата да го врати на Синдикатот на УПОЗ досудениот износ во висина на неговата нето плата но не повеќе од надоместокот кој го добил од синдикатот на УПОЗ во висина наведена во ставот 1 на овој член.

4) Доколку поради активностите наведени во став 1 од овој член, членот на Синдикатот биде казнет со процентуален износ на неговите месечни примања, има право на паричен надоместок во висина на износот се до завршување на временскиот рок за кој е казнет.

5) Доколку членот на Синдикатот биде суспендиран од институцијата во која што работи поради активности наведени од став 1 на овој член, има право на паричен надоместок во висина на остатокот од плата која не му се исплаќа, се до завршување на суспензијата и дисциплинската постапка.

6) Доколку дисциплинската постапка заврши во полза на членот на Синдикатот, истиот е должен по 15 дена по конечно завршување на дисциплинската постапка да ја исплати на Синдикатот месечната

парична помош од што ја добивал за периодот за кој не бил на работа.

7) Комисијата за Солидарен фонд на Синдикатот на УПОЗ во случаите наведени во ставовите 1, 4 и 5 од овој член, ќе го повика членот на Синдикатот и претседателот на синдикалната организација за да пред Комисијата ги презентира доказите за основаноста од добивање на парична помош од Солидарниот фонд согласно овој член.

8) Членот на Синдикатот може да поднесе барање до Синдикатот на УПОЗ за остварување на правото од ставот 1, 4 и 5 од овој член во рок од 30 дена по приемот на решението за отказ, суспензија или дисциплинска мерка.

9) Во прилог на барањето, се доставува Решение за престанок на работен однос, Решение за суспензија или Решение за изрекување на дисциплинска мерка, и потврда за висина месечни примања од работодавачот.

10) Членот на Синдикатот корисник на оваа помош е должен секои шест (6) месеци да доставува потврда од Агенцијата за вработување на Р.С. Македонија дека истиот не е во работен однос.

12. Парична позајмица

Член 18

Членот на Синдикатот има право на без каматна парична позајмица по следниве основи:

- парична позајмица за лекување;
- парична позајмица за школување;
- парична позајмица за елементарни непогоди;
- парична позајмица за учество на Спортски игри и средби на Синдикатот на УПОЗ;
- парична позајмица по други основи;
- парична позајмица без основ.

Член 19

Парична позајмица за лекување

1) Членот на Синдикатот има право на парична позајмица за лекување во износ до 40.000,00 денари.

2) Потребни документи за остварување на правото од став 1 на овој член се следни:

- потврда од установата во која се лекува и дијагнозата за болеста од која се лекува членот на Синдикатот или неговото потесно семејство.

3) Враќањето на паричните средства е во период од 12 до 20 месеци.

4) Членот на Синдикатот е должен после заверувањето на Административната забрана, Договорот за користење на позајмицата и Изјавата за согласност за враќање на позајмицата, да уплати 200,00 денари на манипулативни трошоци на сметката на Солидарниот фонд при Синдикатот на УПОЗ со број 200000043542128, депонент Стопанска банка АД Скопје.

Член 20

Парична позајмица за школување

1) Членот на Синдикатот има право на парична позајмица за школување на студент во износ од 12.000,00 денари до 40.000,00 денари.

2) Потребни документи за остварување на правото од став 1 на овој член се следни:

- заверен семестар за тековната година и
- потврда за износот на школарината.

3) Враќањето на паричните средства е во период од 12 до 20 месеци.

4) Членот на Синдикатот е должен после заверувањето на Административната забрана, Договорот за користење на позајмицата и Изјавата за согласност за враќање на позајмицата, да уплати 200,00 денари на манипулативни трошоци на

сметката на Солидарниот фонд при Синдикатот на УПОЗ со број 200000043542128, депонент Стопанска банка АД Скопје.

Член 21

Парична позајмица за елементарна непогода

1) Членот на Синдикатот има право на парична позајмица за елементарна непогода во износ до 40.000,00 денари.

2) Потребни документи за остварување на правото од став 1 на овој член се следни:

- Доказ за сопственост (имотен лист)
- Потврда за настаната штета од надлежен орган.

3) Враќањето на паричните средства е во период од 12 до 20 месечни рати.

4) Членот на Синдикатот е должен после заверувањето на Административната забрана, Договорот за користење на позајмицата и Изјавата за согласност за враќање на позајмицата, да уплати 200,00 денари на манипулативни трошоци на сметката на Солидарниот фонд при Синдикатот на УПОЗ со број 200000043542128, депонент Стопанска банка АД Скопје.

Член 22

Парична позајмица за Спортски игри и средби на Синдикатот на УПОЗ

1) Членот на Синдикатот има право на парична позајмица за учество на Спортските игри и средби на Синдикатот на УПОЗ.

2) Износот на позајмицата со посебна Одлука ја носи Претседателството на Синдикатот на УПОЗ најдоцна еден месец пред одржување на Спортските игри и средби на Синдикатот на УПОЗ.

3) Уплатата на позајмицата, ќе се врши директно на хотелскиот комплекс за име и сметка на членот на Синдикатот.

4) Членот на Синдикатот е должен да достави заверена Административна забрана, Договорот за користење на позајмицата и Изјава за согласност за враќање на позајмицата.

Член 23

Парична позајмица по друг основ

1) Членот на Синдикатот има право на парична позајмица и во други случаи, за кои Комисијата за Солидарен фонд ќе оцени дека барањето е оправдано во износ до 40.000,00 денари.

2) Потребни документи за остварување на правото од став 1 на овој член се:

- приложување на соодветна документација;
- писмо од Претседателот на Синдикалната организација со препорака и барање да се одобри позајмицата.

3) Враќањето на паричните средства е во период од 12 до 20 месечни рати.

4) Членот на Синдикатот е должен после заверувањето на Административната забрана, Договорот за користење на позајмицата и Изјавата за согласност за враќање на позајмицата, да уплати 200,00 денари на манипулативни трошоци на сметката на Солидарниот фонд при Синдикатот на УПОЗ со број 200000043542128, депонент Стопанска банка АД Скопје.

Член 24

Парична позајмица без основ

1) Членот на Синдикатот на УПОЗ има право на парична позајмица без основ, во износ до 15.000,00 денари.

2) Потребни документи за остварување на ова право се:

- писмена барање од барателот/член на Синдикатот.

3) Враќањето на паричните средства е во период од шест (6) месеци.

3) Членот на Синдикатот е должен после заверувањето на Административната забрана, Договорот за користење на позајмицата и Изјавата за согласност за враќање на позајмицата, да уплати 200,00 денари на манипулативни трошоци на сметката на Солидарниот фонд при Синдикатот на УПОЗ со број 200000043542128, депонент Стопанска банка АД Скопје.

4) Правото по овој основ, може да го остварат најмногу 20 членови на Синдикатот во еден тековен месец.

5) Доколку по овој основ, се поднесени повеќе од 20 барања во тековниот месец, се прави листа на чекање и истите се реализираат наредниот месец.

Член 25

1) Претседателите на синдикалните организации се должни да го контролираат враќањето на позајмицата, односно нивната редовна уплата.

2) Доколку службата за сметководствено работење која од било кои причини не ја врши редовно уплатата, и за истата не е известен Синдикатот на

УПОЗ, истата ќе биде наплатена од сметката на синдикалната организација.

3) Доколку претседателот на Синдикалната организација не потпише изјава на согласност, синдикалната организација нема да има право да користи средства од Солидарниот фонд.

Член 26

1) Доколку во една Синдикална организација во исто време парична позајмица бараат повеќе членови, тогаш Претседателот на Синдикалната организација е должен да изготви приоритетна листа која ја доставува заедно со барањата.

2) Членот може повторно да конкурира за парична позајмица после 12 месеци од датумот на конечната исплата на претходната позајмица, освен за позајмица за Спортски игри и средби на Синдикатот на УПОЗ.

3) Барањата кои не ги исполнуваат условите, во поглед на потребната документација, ќе бидат ставени на листа на чекање се до нивно комплетирање.

Член 27

Членовите на Синдикатот на УПОЗ корисници на повратни и неповратни средства од Солидарниот

фонд како и учесниците на спортските игри, образовни, културни и други активности организирани од Синдикатот или синдикалната организација не можат да истапат од членството на Синдикатот на УПОЗ пред истекот на три години од добивање на непорвратната парична помош или три години од датумот на конечната исплата на паричната позајмица (согласно Статутот на Синдикатот на УПОЗ, член 19).

Член 28

1) Од средствата на Солидарниот фонд можат да се доделуваат награди на поединци или организации за посебни значајни резултати.

2) Награда се доделува во вид на плакета и/или паричен надомест.

3) Висина на паричниот надомест изнесува до една просечна нето исплатена плата во последните три месеци на ниво на Република Македонија.

4) Одлука за доделување на наградите, износот и признанијата донесува Претседателот на Синдикатот на УПОЗ.

5) Предложените кандидати за награди треба да се активни и докажани членови на Синдикатот на УПОЗ.

Член 29

Признанијата се доделуваат на членови на Синдикатот на УПОЗ кои се активни и се истакнале во работата на Синдикатот, како и организации кои придонеле за развојот и остварување на целите на Синдикатот на УПОЗ.

Член 30

1) Од Солидарниот фонд се обезбедуваат средства за набавка на реквизити, награди за учесниците како и други трошоци потребни за организација на спортските игри и средби на Синдикатот на УПОЗ.

2) Од Солидарниот фонд се обезбедуваат средства и за учество на меѓународните спортски игри.

3) За бројот на учесници и износот на средствата од став 2 на овој член, одлука донесува Извшрниот одбор.

Член 31

Од Солидарниот фонд можат да се подмируваат трошоците за одржување на советување, семинари, протести, едукација на синдикални кадри, одржување и надоградување на WEB страницата и програми за работа кои ќе бидат во функција на навремено и квалитенто извршување на функциите на Синдикатот и информирање на членовите.

Член 32

Од Солидарниот фонд се подмируваат и

- годишната членарина за Светската синдикална организација на Синдикатите од јавните служби (PSI) и Европската федерација на синдикатите од јавниот сектор (EPSU) и
- позајмица на сметката за тековното работење на Синдикатот на УПОЗ, во случај на потреба.

V. ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА

Член 33

1) Барањето за користење на некое право согласно овој Правилник членовите на Синдикатот, го поднесуваат до претседателот на синдикалната организација, а во синдикалните организации со повереници, до повереникот кој потоа барањето го доставува до претседателот на синдикалната организација.

2) Претседателот на синдикалната организација барањето го доставува до Комисијата за распределба на средства од Солидарниот фонд при Синдикатот на УПОЗ.

3) Со барањето задолжително се поднесуваат потребната документација и формуларите УПОЗ – 1 и УПОЗ -2.

Член 34

1) По барањата на членовите на Синдикатот одлучува Комисија за распределба на средствата од Солидарниот фонд која ја избира Претседателството.

2) За исклучителни случаи кои не се регулирани со Правилникот за Солидарен фонд, Комисијата може да одлучи за паричен надоместок на членот во износ до најмногу до 6.000,00 денари.

Член 35

1) Претседателот на Синдикатот може да донесува одлуки за парична помош за новороденче, за прваче, за смрт на член на фондот и за заминување во пензија.

2) Во исклучителни случаи, Претседателот може да донесе Одлука и за лекување и набавка на лекови и медицински помагала како и за парична позајмица.

3) За донесените одлуки меѓу две седници на Комисијата, согласно ставовите 1 и 2, Претседателот е должен да ја информира Комисијата на првата наредна седница.

Член 36

1) Против одлуката на Комисијата за распределба на средствата од Солидарниот фонд и Одлуката на Претседателот на Синдикатот, барателот има право

на жалба до Претседателството на Синдикатот на УПОЗ во рок од 15 дена, од денот на приемот на Одлуката.

2) Одлуката на Претседателството на Синдикатот е конечна.

3) Надзор во работењето на Комисијата за распределба на средствата од Солидарниот фонд врши Претседателството на Синдикатот на УПОЗ преку Надзорниот одбор.

Член 37

1) Одлука од Комисијата по поднесени барања, задолжително му се доставува на претседателот на синдикалната организација и барателот, преку електронска пошта.

2) Одобрените средства се уплатуваат на трансакциската сметка на корисникот или преку синдикалната организација или Синдикатот на УПОЗ.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 38

Административно – техничките работи за Солидарниот фонд ги извршува Стручната служба на Синдикатот на УПОЗ.

Член 39

Измени и дополнување на овој Правилник се вршат на начин и постапка како и за неговото донесување.

Член 40

Со донесување на овој Правилник престанува да важи правилникот донесен на 05.09.2012 година.

Член 41

Правилникот влегува на сила со денот на неговото донесување.

Синдикат на УПОЗ
Претседател
Трпе Деаноски